РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1216

Скопје, 1 јуни 2020 година

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ХРАНА И ИСХРАНА И ФАРМАЦЕВТСКА ТОКСИКОЛОГИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за применета биохемија, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 3.4.2020 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини) храна и исхрана и фармацевтска токсикологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-221/7, донесена на XXI редовна седница одржана на 30.4.2020 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Лидија Петрушевска-Този, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје, д-р Татјана Кадифкова Пановска, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје и д-р Кристина Младеновска, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научните области храна и исхрана и фармацевтска токсикологија, во предвидениот рок се пријави д-р Тања Петреска Ивановска, доцент на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

## 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Тања Петреска Ивановска е родена на 26.7.1979, во Велес. Средно образование завршила во 1998 година, во СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ во Скопје. Со високо образование се стекнала на Фармацевтскиот факултет, на Институтот за применета биохемија, во 2005 година. Дипломирала на 4.4.2005 година, со просечен успех 8,2.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2007/2008 се запишала на магистерски студии во областа броматологија на Институтот за применета биохемија при Фармацевтскиот факултет во Скопје. Студиите ги завршила во 2011 година, со просечен успех 9,9. На 26.9.2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Микроинкапсулирани синбиотици во прехранбени производи; виталност и стабилност во услови на подготовка, чување и примена“ и се стекнала со научниот степен магистер на фармацевтски науки.

Докторска дисертација пријавила во декември 2011 година на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: „Функционални прехранбени производи со микроинкапсулирани синбиотици - терапевтски и безбедносни аспекти“ ја одбранила на 18.2.2015 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Лидија Петрушевска-Този, проф. д-р Кристина Младеновска, проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска, проф. д-р Милена Петровска и проф. д-р Никола

Лабачевски. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област фармација, медицински науки и здравство.

Во септември 2015 година е избрана во звањето доцент на Фармацевтскиот факултет во Скопје, во областа храна и исхрана и фармацевтска токсикологија.

Во моментот е доцент на Фармацевтскиот факултет во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1104 од 15.7.2015.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 914 од 1.3.2007 година, бр. 984 од 15.4.2010 година, бр. 1023 од 16.1.2012 година, бр. 1031 од 15.5.2012 година, бр. 1090 од 15.12.2014 и бр. 1104 од 15.7.2015 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Институтот за применета биохемија при Фармацевтскиот факултет во Скопје, кандидатката д-р Тања Петреска Ивановска изведува настава и вежби на студиската програма Магистер по фармација од прв и втор циклус интегрирани студии, по предметите: Храна и исхрана и Токсикологија.

Кандидатката изведува настава и вежби на прв циклус студии на студиската програма Дипломиран лабораториски биоинженер, по предметите: Прехранбени производи, Токсиколошки форензични анализи и Задолжителен изборен предмет од прехранбени производи. Од 2018 година, кандидатката изведува настава на прв циклус студии на студиската програма Диететика и диетотерапија, по предметите: Хемија на храна 1, Прехранбени производи, Принципи на нутриционизмот и Моделирање и оптимизирање во нутриционизам и диететика.

Во рамките на вториот циклус студии, на студиската програма Лабораториска анализа и инженерство во фармација, кандидатката изведува настава по предметите: Анализа на прехранбени производи и Анализи во животна средина и мониторинг, а на студиската програма Диететика и диетотерапија, изведува настава по предметите: Наука за храна, Исхрана и диететика, Принципи на нутритивна проценка и Клиничка исхрана.

Кандидатката била ментор на 17 дипломски трудови и на 1 специјалистички труд. Кандидатката учествувала како член во комисија за одбрана на 32 дипломски, 6 специјалистички и на 2 магистерски труда.

Кандидатката е коавтор на рецензираните учебни помагала под наслов „Практични вежби по прехранбени производи“, „Практични вежби по испитување и контрола на вода“ и „Практични вежби по токсиколошки форензични анализи“, наменети за студентите од студиската програма Дипломиран лабораториски биоинженер.

Во извештајниот период, кандидатката учествувала на 6 работилници и 1 обука. Кандидатката подготвила предавања за 1 предмет на студиската програма Магистер по фармација од прв и втор циклус интегрирани студии и 3 предмети на прв циклус студии по диететика и диетотерапија. Во рамките на вториот

циклус студии, кандидатката подготвила предавања за 1 предмет на студиската програма Лабораториска анализа и инженерство во фармација и 2 предмета на студиската програма Диететика и диетотерапија. Кандидатката е коавтор на 3 научно-популарни статии објавени во стручни списанија.

Од наставно-образовната дејност, во изборниот период д-р Тања Петреска Ивановска има освоено 262,05 поени (подетални информации се дадени во Образецот кон извештајот за избор - Анекс 2).

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Тања Петреска Ивановска има објавено вкупно 9 научни трудови, од кои 8 труда се објавени во меѓународно научно списание на трудови индексирани во најмалку една електронска база достапна на интернет и 1 научен труд во списание кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не надминува две третини од вкупниот број на членови.

Кандидатката има објавено 8 труда во зборници од научни собири и 10 апстракти на меѓународни конференции.

Трудовите објавени во извештајниот период се наведени во Анекс 2, кој е составен дел на овој Извештај.

Д-р Тања Петреска Ивановска одржала 2 секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество и 1 секциско предавање на научно-стручен собир. Кандидатката рецензирала 42 труда во научни/стручни меѓународни списанија.

Д-р Тања Петреска Ивановска била учесник на 3 национални научни проекти и 1 меѓународен проект.

Кандидатката била ментор на 1 магистерски труд.

Од научноистражувачката дејност, во изборниот период д-р Тања Петреска Ивановска има освоено 94,66 поени (подетални информации се дадени во Образецот кон Извештајот за избор - Анекс 2).

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Тања Петреска Ивановска е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за применета биохемија при Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Во периодот од 2015 до 2019 година, д-р Тања Петреска Ивановска активно учествувала во промотивните активности на Фармацевтскиот факултет и била член во факултетската пописна комисија за готовина во каса, побарување и обврски.

Кандидатката е коавтор на три стручни монографии од обласа на исхраната, наменети за ученици и средношколци, подготвени во соработка со Организацијата на потрошувачите на Македонија и Агенцијата за храна и ветеринарство.

Д-р Тања Петреска Ивановска е активно вклучена во работата на работните групи за уредување на земјоделски пазари за млеко и месо при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и на Работната група за изменување и дополнување на Правилникот за барањата во однос на квалитетот на мелено месо, подготовки од месо и производи од месо при Агенцијата за храна и ветеринарство.

Од 2017 година, кандидатката е раководител на Центарот за контрола на труења при Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Од стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, во изборниот период д-р Тања Петреска Ивановска има освоено 29,6 поени (подетални информации се дадени во Образецот кон Извештајот за избор - Анекс 2).

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатката д-р Тања Петреска Ивановска, во извештајниот период, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите од Фармацевтскиот факултет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Тања Петреска Ивановска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Тања Петреска Ивановска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно-научните области храна и исхрана и фармацевтска токсикологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, д-р Тања Петреска Ивановска да биде избрана во звањето вонреден професор во наставно- научните области храна и исхрана и фармацевтска токсикологија.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Лидија Петрушевска-Този, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска, член, с.р.**
**Проф. д-р Кристина Младеновска, член, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 1**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Тања Борис Петреска Ивановска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Фармацевтски факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: фармација, медицински науки и здравство**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,2 Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,9 Просечниот успех изнесува 9,05 за интегрираните студии. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: **медицински науки и здравство**, поле: **фармација**, подрачје: **храна и исхрана и фармацевтска токсикологија**. | да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: International Journal of Pharmaceutics<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>13. Наслов на трудот: Synbiotic loaded chitosan-Ca-alginate microparticles reduces inflammation in the TNBS model of rat colitis<br>14. Година на објава: 2017 | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Application of *Lactobacillus casei* 01 and oligofructose-enriched inulin in ayran<br>4. Година на објава: 2018 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Food Technology and Biotechnology<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: *Lactobacillus casei* loaded soy protein-alginate microparticles prepared by spray-drying<br>4. Година на објава: 2017 | |
| 3.4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Chemical Industry & Chemical Engineering Quarterly<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Tablets of soy protein-alginate microparticles with *Lactobacillus casei* 01: physicochemical and biopharmaceutical properties<br>4. Година на објава: 2019 | |
| 3.5 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Macedonian Pharmaceutical Bulletin<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: Concepts, benefits and perspectives of functional dairy food products<br>4. Година на објава: *in press* | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 15.7.2015, број 1104 | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат засновано работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Лидија Петрушевска-Този, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска, член, с.р.**
**Проф. д-р Кристина Младеновска, член, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Тања Борис Петреска Ивановска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Фармацевтски факултет, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: фармација, медицински науки и здравство**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава** | |
| 1.1 | **Одржување на теоретска настава – предавања** | |
| | **Магистер по фармација - прв и втор циклус интегрирани студии** | **24** |
| | 4. Храна и исхрана (5 ЕКТС)<br>50 часа годишно*0,04 (2015/16-2019/20) | 10 |
| | 5. Токсикологија (9 ЕКТС)<br>70 часа годишно*0,04 (2015/16-2019/20) | 14 |
| | **Дипломиран лабораториски биоинженер - прв циклус студии** | **24** |
| | 3. Прехранбени производи (3 ЕКТС)<br>45 часа годишно*0,04 (2015/16-2019/20) | 9 |
| | 4. Токсиколошки форензични анализи (5 ЕКТС)<br>30 часа годишно*0,04 (2015/16-2019/20) | 6 |
| | 5. Задолжителен изборен предмет од прехранбени производи (3 ЕКТС)<br>45 часа годишно*0,04 (2015/16-2019/20) | 9 |
| | **Диететика и диетотерапија - прв циклус студии** | **15,6** |
| | 4. Хемија на храна 1 (6 ЕКТС)<br>60 часа годишно*0,04 (2018/19-2019/20) | 4,8 |
| | 5. Прехранбени производи (7 ЕКТС)<br>84 часа годишно*0,04 (2019/20) | 3,36 |
| | 6. Принципи на нутриционизмот (5 ЕКТС)<br>60 часа годишно*0,04 (2019/20) | 2,4 |
| | 7. Моделирање и оптимизирање во нутриционизам и диететика (7 ЕКТС)<br>126 часа годишно*0,04 (2019/20) | 5,04 |
| 1.2 | **Одржување на практична настава – вежби** | |
| | **Магистер по фармација - прв и втор циклус интегрирани студии** | **72** |
| | 4. Храна и исхрана (5 ЕКТС)<br>200 часа годишно*0,03 (2015/16-2018/19) | 24 |
| | 5. Токсикологија (9 ЕКТС)<br>360 часа годишно*0,03 (2015/16-2018/19) | 43,2 |
| | 6. Храна и исхрана (5 ЕКТС)<br>60 часа годишно*0,03 (2019/20) | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | 7. Токсикологија (9 ЕКТС)<br>100 часа годишно*0,03 (2019/20) | 3 |
| | **Дипломиран лабораториски биоинженер - прв циклус студии** | **15,9** |
| | 3. Прехранбени производи (3 ЕКТС)<br>30 часа годишно*0,03 (2015/16-2018/19) | 3,6 |
| | 4. Токсиколошки форензични анализи (5 ЕКТС)<br>50 часа годишно*0,03 (2015/16-2018/19) | 6 |
| | 5. Задолжителен изборен предмет од прехранбени производи (3 ЕКТС)<br>30 часа годишно*0,03 (2015/16-2019/20) | 4,5 |
| | 6. Прехранбени производи (3 ЕКТС)<br>20 часа годишно*0,03 (2019/20) | 0,6 |
| | 7. Токсиколошки форензични анализи (5 ЕКТС)<br>40 часа годишно*0,03 (2019/20) | 1,2 |
| **1.3** | **Одржување на настава - втор циклус студии** | |
| | **Магистерски студии по лабораториска анализа и инженерство во фармација** | **33,75** |
| | 5. Анализа на прехранбени производи (6 ЕКТС)<br>90 часа годишно*0,05 (2015/16-2019/20) | 22,5 |
| | 6. Анализи во животна средина и мониторинг (6 ЕКТС)<br>45 часа годишно*0,05 (2015/16-2019/20) | 11,25 |
| | **Магистерски студии по диететика и диетотерапија** | **25,5** |
| | 2. Наука за храна (7 ЕКТС)<br>60 часа годишно*0,05 (2018/19-2019/20) | 6 |
| | 3. Исхрана и диететика (5 ЕКТС)<br>75 часа годишно*0,05 (2018/19-2019/20) | 7,5 |
| | 4. Принципи на нутритивна проценка (4 ЕКТС)<br>60 часа годишно*0,05 (2018/19-2019/20) | 6 |
| | 5. Клиничка исхрана (8 ЕКТС)<br>60 часа годишно*0,05 (2018/19-2019/20) | 6 |
| **2.** | **Подготовка на нов предмет - предавања** | **7** |
| | 1. Токсикологија - магистер по фармација, прв и втор циклус интегрирани студии | 1 |
| | 2. Хемија на храна 1 - диететика и диетотерапија, прв циклус студии | 1 |
| | 3. Прехранбени производи - диететика и диетотерапија, прв циклус студии | 1 |
| | 4. Моделирање и оптимизирање во нутриционизам и диететика - диететика и диетотерапија, прв циклус студии | 1 |
| | 5. Принципи на нутритивна проценка - диететика и диетотерапија, втор циклус студии | 1 |
| | 6. Клиничка исхрана - диететика и диетотерапија, втор циклус студии | 1 |
| | 7. Анализи во животна средина и мониторинг - лабораториска анализа и инженерство во фармација, втор циклус студии | 1 |
| **3.** | **Консултации со студенти** | **2,5** |

| | | |
|---|---|---|
| | 8. Студиска програма: Магистер по фармација, 2015-2020 (800 студенти *0,002) | 1,6 |
| | 9. Студиска програма: Лабораториски биоинженер, 2015-2020 (400 студенти *0,002) | 0,8 |
| | 10. Студиска програма: Диететика и диетотерапија, 2018-2020 (50 студенти *0,002) | 0,1 |
| **4.** | **Ментор на дипломска работа** Вкупно 17 студенти *0,2 (2015/16-2019/20) | **3,4** |
| **5.** | **Ментор на специјалистичка работа** Вкупно 1 студент *1,0 (2019/20) | **1** |
| **6.** | **Настава во школи и работилници** | **15** |
| | Учесник | |
| | 1. Фармацевтски маркетинг, Центар за континуирана едукација при Фармацевтскиот факултет во Скопје, 2015. | 1 |
| | 2. 1260 and 1290 Infinity II HPLC Series, Agilent Technologies Workshop, 6-ти Конгрес на фармацијата со меѓународно учество, Охрид, Р Македонија, 2016. | 1 |
| | 3. ICP-OES and ICP-MS Series, Agilent Technologies Workshop, 6-ти Конгрес на фармацијата со меѓународно учество, Охрид, Р Македонија, 2016. | 1 |
| | 4. Latest Development in LC/MS, Agilent Technologies Workshop, 6-ти Конгрес на фармацијата со меѓународно учество, Охрид, Р Македонија, 2016. | 1 |
| | 5. Decades of Innovation in GC and GC/MS, Agilent Technologies Workshop, 6-ти Конгрес на фармацијата со меѓународно учество, Охрид, Р Македонија, 2016. | 1 |
| | 6. Вакцини - предизвици и решенија, Центар за континуирана едукација при Фармацевтскиот факултет во Скопје, 2016. | 1 |
| | 7. Workshop on the Transposition of EU Legislation on Medical Devices organized by TAIEX in co-operation with the Agency for Medicines and Medical Devices and Faculty of Pharmacy, UKIM, Skopje, 30-31 January, 2017. | 1 |
| | 8. Обука (PQD 36/05/EC и 55/13/EC) во рамки на проектот „Implementation of the Legislation on Mutual Recognition of Professional Qualifications“ во реализација на Министерството за образование и наука на Република Македонија, 2017. | 1 |
| | 9. Workshop on Regulation and Harmonization with the EU Acquis on PQD for Medical Professions во рамките на проектот „Имплементација на законодавството за признавање на професионални квалификации (PQD 36/05/EC и 55/13/EC)“, 2017. | 1 |
| | 10. ERRARE EST HUMANUM Стратегии за управување со фармацевтски грешки, Центар за континуирана едукација при Фармацевтскиот факултет во Скопје, 2017. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 11. Додаток на исхрана, граничен производ, хербален (традиционален) лек PROS & CONS, Центар за континуирана едукација при Фармацевтскиот факултет во Скопје, 2017. | 1 |
| | 12. Фармацевтска грижа - современа филозофија на фармацевтската професија, Македонско фармацевтско друштво, Скопје, Р Македонија, 2017. | 1 |
| | 13. Правата на интелектуалната сопственост и конкуренцијата, Фармацевтски факултет, Скопје, Р Македонија, 2017. | 1 |
| | 14. Имплементација на новите ЕУ-регулативи за медицински средства - дали сме подготвени, Центар за континуирана едукација при Фармацевтскиот факултет во Скопје, 2018. | 1 |
| | 15. Идентификување и пријавување на несакани реакции од употреба на фармацевтски производи, Центар за континуирана едукација при Фармацевтскиот факултет во Скопје, 2018. | 1 |
| **7.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на специјалистичка работа**<br>6 кандидати *0,2 (2015/16-2019/20) | **1,2** |
| **8.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа**<br>32 кандидати *0,1 (2015/16-2019/20) | **3,2** |
| **9.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на магистерска работа**<br>2 кандидати *0,3 (2015/16-2019/20) | **0,6** |
| **10.** | **Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка практика**<br>(12 студенти *0,2) (2015/16-2019/20) | **2,4** |
| **11.** | **Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум** | **9** |
| | **Коавтор**<br>1. Лидија Петрушевска-Този, Тања Петреска Ивановска. *Практични вежби по прехранбени производи*, Фармацевтски факултет, 2015, рецензиран во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1111 од 16.11.2015. | 3 |
| | 2. Лидија Петрушевска-Този, Тања Петреска Ивановска. *Практични вежби по испитување и контрола на вода*, Фармацевтски факултет, 2015, рецензиран во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1111 од 16.11.2015. | 3 |
| | 3. Татјана Кадифкова-Пановска, Лидија Петрушевска–Този, Тања Петреска Ивановска. *Практични вежби по токсиколошки форензични анализи*, Фармацевтски факултет, 2017, рецензиран во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ бр. 1139 од 1.2.2017. | 3 |
| **12.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | **3** |
| | 1. Хемија на храна 1 - прв циклус студии - диететика и диетотерапија | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Прехранбени производи - прв циклус студии - диететика и диетотерапија | 1 |
| | 3. Моделирање и оптимизирање во нутриционизам и диететика - прв циклус студии - диететика и диетотерапија | 1 |
| **13.** | **Научно-популарна статија во стручно-методско списание** | **3** |
| | 1. Петреска Ивановска, Т., Петрушевска-Този, Л. Прехранбени производи збогатени со пробиотици. Фармацевтски информатор, бр. 48, јуни 2018, ISSN 1409-8784, 38-41. | 1 |
| | 2. Петреска Ивановска, Т., Петрушевска-Този, Л. Пробиотски прехранбени производи. Е-билтен: Потрошувачите и храната, Организација на потрошувачите на Македонија, бр. 6, 2018, 20-24. | 1 |
| | 3. Карапанџова, М., Петреска Ивановска, Т., Живиќ, З. Употреба на производи за намалување на телесна тежина - придобивка или ризик за потрошувачите? Магазин за потрошувачи ЗИП, Организација на потрошувачите на Македонија, бр. 1, 2019, 14-18. | 1 |
| | **Вкупно** | **262,05** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Ментор на магистерски труд**<br>Вкупно 1 кандидат *2 (2019/20) | **2** |
| **2.** | **Учесник во национални научни проекти** | **9** |
| | „Антиоксидативна и цитотоксична активност на избрани хербални производи“, 2015-2016, финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ | 3 |
| | „Развој на нова аналитичка метода за определување на опијати со примена на ултра брза LC-MS-MS техника и нејзина примена во одредување на потеклото на опијатите во биолошки материјал“, 2018-2021, финансиран од Медицински факултет, Скопје | 3 |
| | „Испитување на хербални лекови и на додатоци на исхраната за слабеење во однос на можно присуство на недекларирани компоненти во нивниот состав“, 2019, финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ | 3 |
| **3.** | **Учесник во меѓународни научни проекти** | **5** |
| | „Имплементација на легислативата за взаемно препознавање на професионални квалификации“ 2011-2017, финансиран од EU EuropeAid/135619/IH/SER/ | 5 |
| **4.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт - фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет** | **22,36** |

| | | |
|---|---|---|
| | 1. **Petreska Ivanovska, T**., Mladenovska, K., Zhivikj, Z., Jurhar Pavlova, M., Gjurovski, I., Ristoski, T., Petrushevska-Tozi, L., 2017. Synbiotic loaded chitosan-Ca-alginate microparticles reduces inflammation in the TNBS model of rat colitis. **International Journal of Pharmaceutics, 527:126-134**. Impact factor 3,862 (60%) | 7,12 |
| | 2. Hadzieva, J., Mladenovska, K., Simonoska Crcarevska, M., Glavaš Dodov, M., Dimchevska, S., Geškovski, N., Grozdanov, A., Popovski, E., Petruševski, G., Chachorovska, M., **Petreska Ivanovska, T**., Petruševska-Tozi, L., Ugarkovic, S., Goracinova, K., 2017. *Lactobacillus casei* loaded soy protein-alginate microparticles prepared by spray-drying. **Food Technology and Biotechnology, 55(2):173-186**. Impact factor 0,365 (60%) | 5,02 |
| | 3. Hadzieva, J., Glavas Dodov, M., Simonoska Crcarevska, M., Koprivica, B., Dimchevska, S., Geskovski, N., **Petreska Ivanovska, T**., Petrushevska-Tozi, L., Goracinova, K., Mladenovska, K., 2019. Tablets of soy protein-alginate microparticles with *Lactobacillus casei* 01: physicochemical and biopharmaceutical properties. **Chemical Industry & Chemical Engineering Quarterly, 25(1):57-66**. Impact factor 0,87 (60%) | 5,32 |
| | 4. **Petreska Ivanovska, T**., Zhivikj, Z., Bogdanovska, L., Mladenovska, K., Petrushevska-Tozi, L., 2018. Application of *Lactobacillus casei* 01 and oligofructose-enriched inulin in ayran. **Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering, 37(1):43-52**. Impact factor 0,165 (60%) | 4,9 |
| **5.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет** | **12** |
| | 1. **Petreska Ivanovska T**., Zhivikj, Z., Mladenovska, K., Petrusevska Tozi, L., 2015. Influence of oligofructose-enriched inulin on survival of microencapsulated *Lactobacillus casei* 01 and adhesive properties of synbiotic microparticles. **Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 61(1):35-43**. (60%) | 3 |
| | 2. Anastasova, L., **Petreska Ivanovska, T**., Petkovska, R., Petrushevska-Tozi, L. Concepts, benefits and perspectives of functional dairy food products. **Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 64(2): *in press***. (60%) | 3 |
| | 3. Alil Hamiti, L., Muhamed Djumkar, R., Kochubovski, M., **Petreska Ivanovska, T**., Zhivikj, Z., Gigopulu, O., Petrushevska-Tozi, L. Annual variation of fluoride level in drinking water in certain regions of the Republic of North Macedonia. **Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 65(1): *in press***. (60%) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 4. Nedelkova, M., Delova, A., **Petreska Ivanovska, T**., Zhivikj, Z., Petrushevska Tozi, L. Assessment of microbial contamination of drinking water with total coliform bacteria and *Escherichia coli* in the Bitola region. **Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 65(2): *in press***. (60%) | 3 |
| **6.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | **3** |
| | 1. Jurhar Pavlova M., Panovski N., Mladenovska K., **Petreska Ivanovska T.**, Tosevska K., Cekovska S., Petrovska M., 2015. Effect of synbiotic soymilk on intestinal microbiota and lipid profile in adult spontaneously hypertensive rats. **International Medical Journal Medicus, 20(2):261-268**. (60%) | 3 |
| **7.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | **14,4** |
| | 1. **Petreska Ivanovska, T.**, Petrushevska-Tozi, L., Mladenovska, K. Functional properties of ayran enriched with encapsulated probiotic/synbiotic, Proceedings from the 23-rd International Conference on Bioencapsulation, 2-4 September, Delft, Netherlands, 2015. (60%) | 1,8 |
| | 2. **Petreska Ivanovska, T**., Zhivikj, Z., Jurhar Pavlova, M., Petrushevska-Tozi, L., Mladenovska, K. *In vivo* study of effects of functional ayran on microflora of rats with chemically induced ulcerative colitis, Proceedings from the 3-rd International Congress of Nutritionists, 6-8 November, Zagreb, Croatia, 2015. (60%) | 1,8 |
| | 3. **Petreska Ivanovska**, **T**., Zhivikj, Z., Bogdanovska, L., Jurhar Pavlova, M., Gjurovski, I., Ristoski, T., Mladenovska, K., Petrushevska-Tozi, L. Probiotic/synbiotic enriched ayran as functional food product - quality and therapetic benefits, Proceedings of the 6-th Congress of Pharmacy in Macedonia with International Participation, 1-5 June, Ohrid, Macedonia, 2016. (60%) | 1,8 |
| | 4. **Petreska Ivanovska, T.**, Mladenovska, K., Petrushevska-Tozi, L. Viability and metabolic activity of *Lactobacillus casei* 01 in dairy and non-dairy products, Proceedings of the 6-th Congress of Pharmacy in Macedonia with International Participation, 1-5 June, Ohrid, Macedonia, 2016. (60%) | 1,8 |
| | 5. Hadzieva, J., Simonoska Crcarevska, M., Dimcevska, S., Geskovski, N., Glavas Dodov, M., Goracinova, K., **Petreska Ivanovska**, **T**., Petrushevska-Tozi, L., Vanova, N., Nikolovska, M., Mladenovska, K. Effect of formulation and process | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | variables on probiotic viability after microencapsulation by spray-drying in soy protein-alginate microparticles, Proceedings of the 6-th Congress of Pharmacy in Macedonia with International Participation, 1-5 June, Ohrid, Macedonia, 2016. (60%) | |
| | 6. Gjurovski, I., **Petreska Ivanovska, T**., Ristoski, T., Petrushevska-Tozi, L., Mladenovska, K., Kostadinova Kunovska, S. Histopathological and immunohistochemical examination of the colon of rats with TNBS-induced colitis after administration of functional food containing microencapsulated synbiotic, Proceedings of the 2-nd Macedonian Congress of Pathology with International Participation, 1-4 September, Ohrid, Macedonia, 2016. (60%) | 1,8 |
| | 7. Jovanova, B., **Petreska Ivanovska, T**., Hiljadnikova-Bajro, M., Petrushevska-Tozi, L., Kadifkova Panovska, T., 2017. Determination of the cytotoxicity of *Juniperus* berries collected in R. Macedonia, Proceedings of the 21-th International Congress Phytopharm, 2-5 July, Graz, Austria, 2017. (60%) | 1,8 |
| | 8. Anastasova, L., **Petreska Ivanovska, T**., Anchevska, A., Petkovska, R., Petrushevska-Tozi, L., 2018. Preparation of calcium and magnesium fortified milk, Proceedings of the 6-th International Congress of Nutritionists, 26-28 October, Zagreb, Croatia, 2018. (60%) | 1,8 |
| **8.** | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** | **4** |
| | 1. **Petreska Ivanovska**, **T**., Zhivikj, Z., Bogdanovska, L., Jurhar Pavlova, M., Gjurovski, I., Ristoski, T., Mladenovska, K., Petrushevska-Tozi, L. Probiotic/synbiotic enriched ayran as functional food product - quality and therapetic benefits, 6-th Congress of Pharmacy in Macedonia with International Participation, 1-5 June, Ohrid, Macedonia, 2016. | 2 |
| | 2. **Petreska Ivanovska, T**., Jovanova, B., Hiljadnikova-Bajro, M., Petrushevska-Tozi, L., Kadifkova Panovska, T., 2018. Mechanism-based approaches to drug toxicity assessment, 11-th Conference of Macedonian Society of Toxicology with International Participation, 23-25 February, Dojran, Macedonia, 2018. | 2 |
| **9.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | **3,5** |
| | Усна презентација | |
| | 1. **Petreska Ivanovska, T**., Petrushevska-Tozi, L., Mladenovska, K. Functional properties of ayran enriched with encapsulated probiotic/synbiotic, 23-rd International Conference on Bioencapsulation, 2-4 September, Delft, Netherlands, 2015. | 1 |
| | Постер презентација | |
| | 1. **Petreska Ivanovska, T**., Zhivikj, Z., Jurhar Pavlova, M., Petrushevska-Tozi, L., Mladenovska, K. *In vivo* study of effects of functional ayran on microflora of rats with chemically induced ulcerative colitis, 3-rd International Congress of Nutritionists, 6-8 November, Zagreb, Croatia, 2015. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. **Petreska Ivanovska, T.**, Mladenovska, K., Petrushevska-Tozi, L. Viability and metabolic activity of *Lactobacillus casei* 01 in dairy and non-dairy products, 6-th Congress of Pharmacy in Macedonia with International Participation, 1-5 June, Ohrid, Macedonia, 2016. | 0,5 |
| | 3. Hadzieva, J., Simonoska Crcarevska, M., Dimcevska, S., Geskovski, N., Glavas Dodov, M., Goracinova, K., **Petreska Ivanovska**, **T**., Petrushevska-Tozi, L., Vanova, N., Nikolovska, M., Mladenovska, K. Effect of formulation and process variables on probiotic viability after microencapsulation by spray-drying in soy protein-alginate microparticles,6-th Congress of Pharmacy in Macedonia with International Participation, 1-5 June, Ohrid, Macedonia, 2016. | 0,5 |
| | 4. Jovanova, B., **Petreska Ivanovska, T**., Hiljadnikova-Bajro, M., Petrushevska-Tozi, L., Kadifkova Panovska, T., 2017. Determination of the cytotoxicity of *Juniperus* berries collected in R. Macedonia, 21-th International Congress Phytopharm, 2-5 July, Graz, Austria, 2017. | 0,5 |
| | 5. Anastasova, L., **Petreska Ivanovska, T**., Anchevska, A., Petkovska, R., Petrushevska-Tozi, L., 2018. Preparation of calcium and magnesium fortified milk,6-th International Congress of Nutritionists, 26-28 October, Zagreb, Croatia, 2018. | 0,5 |
| **10.** | **Апстракти објавени во зборник на конференција – меѓународна** | **10** |
| | 1. **Petreska Ivanovska, T**., Petrushevska-Tozi, L., Mladenovska, K. Functional properties of ayran enriched with encapsulated probiotic/synbiotic, Abstract Book of the 23-rd International Conference on Bioencapsulation, 2015, 18-19. | 1 |
| | 2. **Petreska Ivanovska, T**., Zhivikj, Z., Jurhar Pavlova, M., Petrushevska-Tozi, L., Mladenovska, K. *In vivo* study of effects of functional ayran on microflora of rats with chemically induced ulcerative colitis, Abstract Book of the 3-rd International Congress of Nutritionists, 2015, 84. | 1 |
| | 3. **Petreska Ivanovska**, **T**., Zhivikj, Z., Bogdanovska, L., Jurhar Pavlova, M., Gjurovski, I., Ristoski, T., Mladenovska, K., Petrushevska-Tozi, L. Probiotic/synbiotic enriched ayran as functional food product – quality and therapetic benefits, Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 62 (suppl) 2016, 253-254. | 1 |
| | 4. **Petreska Ivanovska, T.**, Mladenovska, K., Petrushevska-Tozi, L. Viability and metabolic activity of *Lactobacillus casei* 01 in dairy and non-dairy products, Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 62 (suppl) 2016, 285-286. | 1 |
| | 5. Hadzieva, J., Simonoska Crcarevska, M., Dimcevska, S., Geskovski, N., Glavas Dodov, M., Goracinova, K., **Petreska Ivanovska**, **T**., Petrushevska-Tozi, L., Vanova, N., Nikolovska, M., Mladenovska, K. Effect of formulation and process variables on probiotic viability after microencapsulation by spray-drying in soy protein-alginate microparticles, Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 62 (suppl) 2016, 381-382. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | 6. Gjurovski, I., **Petreska Ivanovska, T**., Ristoski, T., Petrushevska-Tozi, L., Mladenovska, K., Kostadinova Kunovska, S. Histopathological and immunohistochemical examination of the colon of rats with TNBS-induced colitis after administration of functional food containing microencapsulated synbiotic, Proceedings and Abstracts of the 2-nd Macedonian Congress of Pathology with International Participation, 2016, 140. | 1 |
| | 7. Jovanova, B., **Petreska Ivanovska, T**., Hiljadnikova-Bajro, M., Petrushevska-Tozi, L., Kadifkova Panovska, T., 2017. Determination of the cytotoxicity of *Juniperus* berries collected in R. Macedonia, Reviews of Clinical Pharmacology and drug therapy, 15 (suppl. 1), 2017, 26. | 1 |
| | 8. Jovanova, B., **Petreska Ivanovska, T**., Hiljadnikova-Bajro, M., Petrushevska-Tozi, L., Kadifkova Panovska, T., 2018. Plant toxicology and risk assessment, Abstract Book of the 11-th Conference of Macedonian Society of Toxicology with International Participation, 2018, 10-11. | 1 |
| | 9. **Petreska Ivanovska, T**., Jovanova, B., Hiljadnikova-Bajro, M., Petrushevska-Tozi, L., Kadifkova Panovska, T., 2018. Mechanism-based approaches to drug toxicity assessment, Abstract Book of the 11-th Conference of Macedonian Society of Toxicology with International Participation, 2018, 9. | 1 |
| | 10. Anastasova, L., **Petreska Ivanovska, T**., Anchevska, A., Petkovska, R., Petrushevska-Tozi, L., 2018. Preparation of calcium and magnesium fortified milk, Abstract Book of the 6-th International Congress of Nutritionists, 2018, 166. | 1 |
| **11.** | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | **1** |
| | 1. Петреска Ивановска, Т. Проценка на нутритивен статус. Семинар на тема Диететика и диетотерапија, организиран од Центар за континуирана едукација, Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје, 3 ноември 2016. | 1 |
| **12.** | **Рецензија на научен/стручен труд** | **8,4** |
| | 1. Рецензија на труд во научно/стручно меѓународно списание - Macedonian Pharmaceutical Bulletin (3*0,2) | 0,6 |
| | 2. Рецензија на труд во научно/стручно меѓународно списание - Food Research International (27*0,2) | 5,4 |
| | 3. Рецензија на труд во научно/стручно меѓународно списание - Annals of Microbiology (3*0,2) | 0,6 |
| | 4. Рецензија на труд во научно/стручно меѓународно списание - African Journal of Biotechnology (3*0,2) | 0,6 |
| | 6. Рецензија на труд во научно/стручно меѓународно списание - Food Biotechnology (1*0,2) | 0,2 |
| | 6. Рецензија на труд во научно/стручно меѓународно списание - Biocontrol Science & Technology (1*0,2) | 0,2 |
| | 8. Рецензија на труд во научно/стручно меѓународно списание - Journal of Food Science (1*0,2) | 0,2 |
| | 9. Рецензија на труд во научно/стручно меѓународно списание - International Journal of Food Properties (1*0,2) | 0,2 |
| | 10. Рецензија на труд во научно/стручно меѓународно списание - Archives of Medical Research (1*0,2) | 0,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | 11. Рецензија на труд во научно/стручно меѓународно списание - CyTA - Journal of Food (1*0,2) | 0,2 |
| | **Вкупно** | **94,66** |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | **2,5** |
| | 3. Промоција на Фармацевтскиот факултет во средните училишта од Република Северна Македонија (2015-2019) | 0,5 |
| **2.** | **Стручна монографија** | **14,4** |
| | 1. Петрушевска-Този, Л., Живиќ, З., Петреска Ивановска, Т., 2019. Правилна исхрана. Што значи правилна исхрана и како поздраво да се храниме. Организација на потрошувачите на Македонија и Агенција за храна и ветеринарство (60 %) | 4,8 |
| | 2. Петрушевска-Този, Л., Санта, Д., Петреска Ивановска, Т., 2019. Како да ја читаме и користиме нутритивната информација/табела истакната на етикетите на прехранбените производи. Организација на потрошувачите на Македонија и Агенција за храна и ветеринарство (60 %) | 4,8 |
| | 3. Петрушевска-Този, Л., Спироски, И., Петреска Ивановска, Т., 2019. Труења со храна и како треба да се постапи. Организација на потрошувачите на Македонија и Агенција за храна и ветеринарство (60 %) | 4,8 |
| **3.** | **Член во комисија за изработка на измени и дополнувања на закон; изработка на подзаконски акт** | **6** |
| | 3. Член на Потсекторската постојана група за уредување на земјоделски пазари за млеко при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство | 2 |
| | 4. Член на Потсекторската постојана група за уредување на земјоделски пазари на месо (говедско, свинско, овчо, козјо и живинско) при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство | 2 |
| | 5. Член на Работната група за изменување и дополнување на Правилникот за барањата во однос на квалитетот на мелено месо, подготовки од месо и производи од месо при Агенцијата за храна и ветеринарство | 2 |
| | **Вкупно** | **22,9** |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Раководител на внатрешна организациона единица** | **3** |
| | Раководител на Центар за контрола на труења, Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје (2017-2021) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | **1** |
| | Член на Научниот одбор на 7. Конгрес на фармација со меѓународно учество, Охрид, 2020 | 1 |
| **3.** | **Член на факултетска комисија** | **2,5** |
| | Член на Пописна комисија за готовина во каса, побарување и обврски (2015-2020) | 0,5 |
| **4.** | **Член на комисија за избор во звање** | **0,2** |
| | Член на Комисија за избор во соработничко звање – асистент (1 кандидат) | 0,2 |
| | **Вкупно** | **6,7** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **262,05** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **94,66** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **22,9** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **6,7** |
| **Вкупно** | **386,31** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Лидија Петрушевска-Този, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Татјана Кадифкова Пановска, член, с.р.**
**Проф. д-р Кристина Младеновска, член, с.р.**